Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневните настани 01.05.2023

На 30.04.2023 околу 21.00 часот пријавено е дека на регионалниот пат Штип - Плачковица, помеѓу с.Таринци и с.Нов Караорман, штипско се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "ауди А5" со штипски регистарски таблици, управувано од К.Т.(25) од с.Карбинци, општина Карбинци и патничко моторно возило "хјундаи акцент" со штипски регистарски таблици, управувано од Д.М.(43) од Стар Караорман, штипско. Во несреќата на местото на настанот починал К.Т., а смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош, додека Д.М. се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Увид на местото на несреќата извршиле увидна екипа на СВР Штип и Јавен обвинител.

На 30.04.2023 во 21.50 часот во Тетово, од полициски службеници од СВР Тетово се лишени од слобода Г.С.(36) и еден малолетник, двајцата од Тетово, затоа што кај Г.С. била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.04.2023 во 21.25 часот пред казино на подрачјето на Ѓорче Петров, од полициски службеници бил лишен од слобода Ф.А.(33) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.04.2023 во 20.35 часот на подрачјето на Центар, од полициски службеници бил лишен од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.05.2023 во 01.15 часот на подрачјето на Аеродром, од полициски службеници бил лишен од слобода А.Т.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.05.2023 во 02.00 часот на подрачјето на Карпош, од полициски службеници се лишени од слобода М.Б.(27) и С.И.(21) двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени прашкаста материја и марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.04.2023 во 23.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, од полициски службеници бил лишен од слобода Х.П.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.04.2023 околу 14 часот на локален пат Куманово-с. Речица, патничко моторно возило „хјундаи" со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.С.(58) од с.Речица, излетало надвор од коловозот. С.С. (женско лице) и сопатничката М.И.(34) од Куманово, биле пренесени во Општа болница Куманово, каде од лекар на С.С. и била констатирана тешка телесна повреда, а на сопатничката М.И. и била констатирана телесна повреда. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

На 30.04.2023 во 15,00 часот во Полициска станица Кичево Б.М.(44) од Кичево пријавила дека на ул. Солунска во Кичево била касната од куче скитник.

На 30.04.2023 во 19.40 часот пријавено е дека на ул. Илинденска во Кавадарци се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило ,,шевролет" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од И.К.(39) од Кавадарци и мопед ,,кимко" со кавадаречки регистарски ознаки, управуван од Б.С.(30) од Кавадарци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот Б.С.,кои му биле констатирани од лекар во Општата болница Кавадарци. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кавадарци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 250 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 97 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила.Изречени се осум санкции за управување под дејство на алкохол, една мерка за користење мобилен телефон при возење, две санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 01.05.2023 околу 04,00 часот во СВР Битола е пријавено дека патнички воз кој сообраќал на релација Битола-Скопје, на железнички премин на ул.Трајко Николоски со ул.Леце Котески во Прилеп, во близина на железничката станица–Прилеп удрил во патничко моторно возило „поло" со битолски регистарски ознаки, управувано од Х.И.(76) од Крушево, кој починал на лице место. Од доктор од итна медицинска помош била констатирана смрт. Увид на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од ОВР-Прилеп.

На 30.04.2023 во периодот од 11.00 до 18.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 157 возачи од кои (32-Битола,51-Прилеп,44-Ресен,14- Демир Хисар,9-Крушево и 7- Македонски Брод. Од вкупно 157 возачи ,79 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 78 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 30.04.2023 во 13,10 часот во с.Форино, гостиварско, од полициски службеници е лишен од слобода З.С.(47) од с.Чегране, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „тешка кражба", при што од угостителски објект во Гостивар одзел пари и лап-топ компјутер. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.04.2023 во 17.20 часот во Полициска станица Ресен е пријавено дека од пиротехничар од Дирекцијата за спасување и заштита -Битола од брегот на Преспанското езеро во туристичка населба „Отешево" е подигната неексплодирана артилериска граната 75 мм од Првата Светска Војна, која била пронајдена во 15.45 часот.

На 30.04.2023 во 11,30 часот во Полициска станица Пробиштип е пријавено дека во Итната медицинска помош Пробиштип биле донесени З.Н.(43), М.Н.(37) двајцата од с.Злетово и Т.Ј.(48) од с.Секуларци, кои, според пријавеното, биле затруени во јама во рудник во с.Добрево, Пробиштип каде работеле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 18,15 година во СВР Скопје е пријавено дека во Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември Скопје, на подрачје на Ѓорче Петров, нивниот пациент М.С.(78) од с.Иванковци, велешко, паднал од висина. Од лекар од итна медицинска помош е констатирана смрт. По наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 30.04.2023 во 19.30 часот во Полициска станица Гази Баба Б.Ф.(20) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот во с. Сингелиќ, по претходна расправија околу сообраќајот, бил физички нападнат од Б.С., Т.С. и Ј.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 околу 21.15 часот во полициско одделение Сарај е пријавено дека во с.Сарај по претходна расправија е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.И.(51) и А.А.(36), двајцата од с.Сарај. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 18.50 часот во с.Визбегово, скопско од полициски службеници е приведен М.Ј.(21) од с.Блаце затоа што одбил да застане на даден знак од полициски службеници кои вршеле службени дејствија, при што удрил во полициското возило. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.04.2023 во 12.57 часот во СВР Охрид Г.А.(34) од Охрид пријавил дека во куќа во место викано „Ќелов камен" во атарот на с.Лабуништа, струшко настанал пожар. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од ОВР Струга.

На 30.04.2023 во 15,30 часот во СВР Охрид М.Ј.(48) од Кичево пријавила дека околу 15,30 часот во Кичево таа и нејзината малолетна ќерка биле физички нападнати од нивната сосетка Џ.П.(37) од Кичево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 19,30 часот во СВР Скопје Р.Ф.(48) од Скопје пријавил дека во населба Камник во с. Сингелиќ, скопско по претходно случена сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од него, и патничко моторно возило „мерцедес", управувано од Б.С., настанала расправија помеѓу учесниците во сообраќајната незгода, по што пријавителот и неговиот син Б.Ф.(22) биле физички нападнати од Б.С., Ј.С. и Т.С. кој притоа извадил пиштол и испукал еден куршум во воздух. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.05.2023 во 02,10 часот во Полициска станица Охрид В.К.(53), таксист од Охрид, пријавил дека околу 00,20 часот во Охрид бил физички нападнат од патник кој го превезувал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 14.00 часот во Полициска станица Битола М.К.(32) од Р. Србија пријавила дека на 29.04.2023 околу 15.00 часот во стан во Битола нејзиниот малолетен син бил физички нападнат со тврд предмет од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 11.40 часот во Полициско одделение Сарај Е.С.(31) од с.Арнакија, скопско пријавил дека во куќа во с.Арнакија од залутано зрно било оштетено стакло од прозорец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 16.45 часот во Полициско одделение Велушина, И.М.(34) од с.Кременица пријавила дека околу 16.15 часот во с.Кременица била физички нападната од А.Н.(29) од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.05.2023 во 00.30 часот во Полициска станица Битола Ј.П.(51) од Битола пријавил дека на 30.04.2023 околу 18.30 часот во Битола нејзиниот син К.П.(24) од Битола, бил физички нападнат од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 22,10 часот во Полициско одделение Петровец е пријавено дека во спортска обложувалница во с.Петровец, скопско, едно лице го искршило стаклото од влезната врата и со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 20.00 часот во Полициска станица Радовиш И.Џ.(45) од с.Прналија, радовишко пријавил дека околу 15.00 часот во с.Прналија неговиот син бил физички нападнат од едно лице од с.Прналија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2023 во 17.30 часот во Полициско одделение Јегуновце е пријавено дека околу 17.00 часот во с.Шемшово настанал пожар на куќа сопственост на Б.Ш.(63) од с.Шемшово, при што опожарена била кровната конструкција. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Тетово, а при гаснењето со повреди се здобил сопственикот Б.Ш..



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет